УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
СКОПЈЕ

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

# ПРИЛОГ 9
# Резултати од изведена самоевалуација

УНИВЕРЗИТЕТ “Св. Кирил и Методиј” - Скопје

Факултет за електротехника и информациски технологии

# ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

**Скопје, јануари 2013.**

# 1. ВОВЕД И ЦЕЛИ НА ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

## 1.1 Цели на самоевалуацијата

Самоевалуацијата на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) во Скопје е дел од процесот за евалуација на неговиот квалитет и е дел од постапката на акредитација според законските акти на Република Македонија. Нејзините три главни цели се:

- да претстави краток и содржаен преглед на наставно-образовниот процес, просторните можности и опременоста на факултетот, научно-истражувачката работа, оспособеноста и активностите на студентите, и организационата поставеност и функционирањето на факултетот;
- да ги анализира добрите и слабите страни на факултетот при вршење на високообразовна и научна дејност и да предложи корективни мерки;
- да обезбеди основа која ќе послужи за вршење на самоевалуацијата што ја спроведува универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје и негова акредитација.

Појдовна точка на комисијата во процесот на самоевалуација беа следниве документи кои ги даваме во интегрална форма:

*Мисија*

Континуирано образование на стручни и претприемчиви индивидуи во електротехниката и новите технологии, кои ќе работат успешно и ќе промовираат нова работа и нови можности.

*Изјава за мисија*

Наша стратешка определба е да се развиваме и понатаму како водечка образовна и научно-истражувачка институција во Република Македонија на полето на електротехниката и новите технологии. Обезбедувајќи перманентна технолошка иновација, квалитет и креативност во наставните програми, оствaруваме континуирано образование на стручни, креативни и претприемчиви индивидуи, кои не само што ќе работат успешно во својата професионална ориентација, туку и ќе создаваат нова работа и афирмираат нови можности и откриваат нови хоризонти. Нашата образовна мисија ја оствaруваме со додипломските, последипломските и докторските студии со развивање на интензивна комуникација со студентите, Универзитетот и врвните слични институции во светот како и со „бизнисот" и стопанството. Постигнувајќи постојан успех во научно-истражувачката работа на домашен и меѓународен план, нашата научно-истражувачка мисија ја оствaруваме со докторските дисертации и бројните меѓународни научно-истражувачки проекти. Создавајќи услови за трансфер на знаење и технологија ние даваме силна подцршка на технолошкиот и економски одржлив развој на нашето стопанство.

*Визија*

Нашата визија е припадност на семејството престижни институции на полето на електротехниката и новите технологии како и давање поддршка на меѓународната интеграција на нашата земја и нашето стопанство од аспект на негова меѓународна конкурентност и трансфер на знаење и технологија.

*Стратешки цели*

1. Комплетирање на студиските програми соответно на Европскиот кредит трансфер систем и обезбедување континуирана едукација.
2. Зајакнување и охрабрување на атрактивноста на професионалните и научните степени со промоција на нови можности во кариерата и бизнисот.
3. Стратегија за развој на нашиот факултет кон Европската заедница и квалитет на работата во согласност со европските стандарди.
4. Негување и подобрување на можностите да се остварат барањата за едуцирање на поединци од сите стручни и возрасни категории.
5. Стимулирање на ефикасен трансфер на знаење и професионална стручност од академската средина кон индустријата и активно учество во севкупниот развој на Република Македонија.
6. Создавање на “научни/технолошки села” постигнувајќи подобра комуникација помеѓу нашиот значителен научно-истражувачки потенцијал за креативност и иновативниот бизнис.

1.2 Учесници во самоевалуацијата

Комисијата за евалуација (избрана врз основа на член 77 од Законот за високото образование, став 2 од член 315 од Статутот на Универзитетот Св. Кирил и методиј во Скопје и член 45 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии - ФЕИТ), ја сочинуваат следниве членови избрани од Наставно-научниот совет на факултетот на седницата одржана на 31.10.2012:

1. Вон. проф. д-р Весна Арнаутовски-Тошева, претседател
2. Проф. д-р Аристотел Тентов
3. Вон. проф. д-р Мирко Тодоровски
4. Доц. д-р Владимир Атанасовски
5. Доц. д-р Димитар Димитров
6. Студент Анџело Лазаревски
7. Студент Златко Китаноски

Овен тоа, Наставно-научниот совет избра и 7 подкомисии за евалуација од по 5 члена за секоја од студиските програми (нови и стари) како поддршка на централната Комисија.

1) Електроенергетски системи (ЕЕС)
    1. Проф. д-р Рубин Талевски
    2. Проф. д-р Властимир Гламочанин
    3. Вон. проф. д-р Весна Борозан
    4. Студент Марко Крстевски
    5. Студент Бранка Васиќ

2) Електроенергетика и управување (ЕиУ) и Електроенергетика, управување и менаџмент (ЕЕУМ)
    1. Проф. д-р Кирил Коцев
    2. Проф. д-р Антон Чаушевски
    3. Асист. д-р Софија Николова-Поцева
    4. Студент Цветанка Јузмеска
    5. Студент Христина Јанкулова

3) Електроенергетски уреди (ЕЕУ) и Конверзија и искористување на електрична енергија (КИЕЕ) и Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија (ЕАОИЕ)
    1. Проф. д-р Горан Рафајловски
    2. Проф. д-р Слободан Мирчевски
    3. Асист. д-р Гога Цветковски
    4. Студент Гоце Арсовски
    5. Студент Стефан Миленковски

4) Телекомуникации (ТК) и Телекомуникации и информациско инженерство (ТКИИ)
    1. Проф. д-р Борислав Поповски
    2. Доц. д-р Марко Порјазовски
    3. Доц. д-р Перо Латкоски
    4. Студент Никола Анчевски
    5. Студент Елена Ѓорѓиевска

5) Електроника, радиотехника и процесирање на сигнали (ЕРПС) и Компјутерско хардверско инженерство и електроника (КХИЕ)
    1. Проф. д-р Љупчи Караџинов
    2. Доц. д-р Катерина Ралева
    3. Доц. д-р Марија Чундева Блајер
    4. Студент Петар Чурлинов
    5. Студент Радослав Јанкоски

6) Информатика и компјутерско инженерство (ИКИ), ИНФО и Компјутерски технологии и инженерстви (КТИ)
    1. Доц. д-р Мароја Календар
    2. Доц. д-р Сања Велева

3. Доц. д-р Билјана Начевска-Несторовска
4. Студент Бојан Најденов
5. Студент Денис Бојковски

7) Компјутерско-системско инженерство и автоматика (КСИА) и Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика (КСИАР)
    1. Проф. д-р Татјана Колемишевска-Гугуловска
    2. Проф. д-р Елизабета Лазаревска
    3. Вон. проф. д-р Снежана Чундева
    4. Студент Ивана Бошковска
    5. Студент Кристијан Божиновски

Во процесот на самоевалација помогнаа сите вработени на факултетот, деканатот, службите (студентска, општа и сметководство), наставно-научниот кадар, како и студентите со спроведување на студентската анкета. Големата поддршка од страна на деканатот и соработката со вработените беше добра страна при самоевалуацијата. Потешкотии претставуваа единствено кусиот рок за нејзино завршување.

Покрај тоа Комисијата успеја да ги обработи сите податоци релевантни за самоевалуацијата за периодот кој ги опфаќа учебна 2011/12 година и зимскиот семестар 2012/13 годиа, т.е. периодот после одвојувањето со ФИНКИ. Во анализата е вклучена и студентската анкета која беше реализирана во веруари 2012 година а се однесуваше на зимскиот семестар во учебната 2011/12 година која беше обработена од студентите членови на подкомисиите за евалуација. Поради малиот број опфатени студенти за предмети од одделни студиски програми се појавуваат мал број анкентни ливчиња и не може да се добие реална слика за сите предмети. Ова е посебно случај за студиската програма ИКИ за која освен за прва година нема пополнети анкетни ливчиња.

Комисијата веќе работи на реализацијата за спроведување на студентската анкета во електронска форма, кшто во иднина би била задолжителна обврска на студентот при заверка или упис на семестарот.

Во спроведувањето на самоевалуацијата голем дел од потребните податоци за овој процес беа добиени од кадровска служба, студентска служба, библиотека итн., и со подршка на наставно-научниот и соработнички кадар од сите Институти во коориднација со подкомисиите за евалуација.

Со оглед дека за самоевалуацијата 2012 година за Комисијата во овој состав е прва од ваков вид, во нејзиното подготвување беше користено искуството од претходно спроведените самоевалуации во 2002 година и 2007 година. Со цел процесот да се поедностави за следните самоевалуации Комисијата зема на себе обврска да направи стандардизација на информационите бази кои ќе ја олеснат понатамошната статистичка анализа.

## 2. ОПИС НА ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ (ФЕИТ) СКОПЈЕ

Факултетот за електротехника и информациски технологии е формиран во 1959 година како електро-машински оддел на Техничкиот факултет во Скопје. Од 1965 година одделот почна да работи како самостоен Електро-машински факултет, со два отсека: електротехнички со насоки електроенергетика и електроиндустрија и машински. Развојот на електротехниката, а особено на електрониката, автоматизацијата, управувачката техника, телекомуникациите и компјутерската техника, ја наметна потребата почнувајќи од 1978 година Факултетот да прерасне во посебна високообразовна установа со назив Електротехнички факултет. Во 2006 година факултетот го промени името во Факултет за електротехника и информациски технологии. Почнувајќи од учебната 2011/2012 година дел од вработените на Институтот КТИ се приклонуваат кон новиот Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ), што не го наруши наставно-образовниот процес на студиите од прв и втор циклус.

Со оглед на тоа дека дејноста на Факултетот е првенствено насочена кон едукацијата на студентите, ресурсите на Факултетот во прв ред беа насочени кон подигање на нивото на едукацијата на студентите на сите три образовни нивоа на студирање на ФЕИТ.

Во извештајниот период на самоевалуацијата (септември 2011 - декември 2012 година) Факултетот работеше во услови на зајакнувањена сите три основни функции: наставна, научно-истражувачка и апликативна. Особено е карактеристично делувањето во насока на подобрување на образовната функцијата, каде се превземени неколку суштински работи, како, воведување на нови студиски програми на прв циклус и зголемување на бројот на новозапишани студенти, особено на енергетските насоки, во што во потполност се успеа.

Поради намалување на бројот на студенти кои студираат на ФЕИТ, како на прв така и на втор циклус, дојде до намалување на финансиските средства на факултетот. Во изминатиов период особено внимание беше посветено на запознавање на матурантите со иновираните студиски програми од прв циклус на студии на ФЕИТ заради нивна правилна определба. Поради тоа во извештајната година членовите на Центарот за нови студенти (ЦНС) реализираа поголем број на активности кои беа насочени во насока на промоција на Факултетот како во средните училишта, така и во пошироката јавност. Отворениот ден на Факултетот кој се организира традиционално во месец април овозможува на потенцијалните кандидати за упис можности да се запознаат со Факултетот, со начинот на работа и студирање, со лабораториите и Институтите. Во подготовката за отворениот ден во координација со Центарот за нови студенти изработени се нови промотивни и информативни материјали во кои се вградени податоците за новите студиски програми на факултетот. Иако се започнати одредени акции за справување со овој проблем, тоа останува и како предизвик за наредниот период.

### 2.1 <u>Организациска структура</u>

Бројот на вработените на ФЕИТ е 89 (наставен, административен, помошен кадар), а по договор во наставата, администрацијата и како помошен кадар се ангажирани 37 вработени. Подетални информации по однос на образовната, старосната структура на вработените на ФЕИТ можат да се погледаат во Табела 2.1, Табела 2.2.

Факултетот го сочинуваат 10 Институти преку кои се обезбедува наставната и научноистражувачката дејност на факултетот:

- Институт за електрични машини, трансформатори и апарати (ЕМТА)
- Институт за електрични централи и разводни postројки (ЕЦРП)
- Институт за преносни и дистрибутивни истеми (ПЕЕС)
- Институт за електротермија, електрично заварување и електричен сообраќај (ЕТЕЗЕС)
- Институт за електрични мерења и материјали (ЕМЕМ)
- Институт за електроника (Е)
- Институт за телекомуникации (ТК)
- Институт за автоматика и системско инженерство (АСИ)
- Институт за компјутерска техника и информатика (КТИ)
- Институт за математика и физика (МФ)

Во рамките на факултетот работат 18 лаборатории со што се овозможува задоволување на потребите за изведување на практичната настава, како и остварување на научно-истражувачка и апликативната дејност.

- Лабораторија за автоматика и системско инженерство;
- Лабораторија за безжични сензорски крежи;
- Лабораторија за висок напон;
- Лабораторија за дигитално процесирање на сигнали;
- Лабораторија за електрични машини, трансформатори и апарати;
- Лабораторија за електрични мерења;
- Лабораторија за електромоторни погони;
- Лабораторија за електроника;
- Лабораторија за електронски мерења;
- Лабораторија за електротермија;
- Лабораторија за електротермија, електрично заварување и електричен сообраќај;
- Лабораторија за основи на електротехниката;

- Лабораторија за пазарно стопанисување со електрична енергија;
- Лабораторија за релејна заштита;
- Лабораторија за соларна енергетика;
- Лабораторија за телекомуникации;
- Лабораторија за физика;
- Факултетска лабораторија за автоматска обработка на податоци (ФЛАОП).

Кон оваие се придружуваат уште 5 лаборатории опремени од проектот на Владата на Р. Македонија во периодот 2010/2011 година, од кои во 2012 беше свечено отворена Лабораторијата за мерења на еколошки параметри.

Според Правилникот за внатрешните односи и работењето на ФЕИТ, органи на управување со факултетот се: Наставно-научен совет, деканот и Деканатска управа.

Наставно-научниот совет на Факултетот е стручен орган во кој членуваат редовните и вонредните професори и доцентите, како и претставници кои ги избираат соработниците и студентите. Бројот на соработниците во Наставно-научниот совет е променлив и не е поголем од 10% од вкупниот број на наставниците. Бројот на студентите во Наставно-научниот совет е променлив и не е помал од 10% од вкупниот број наставници и соработници. Мандатот на соработниците и студентите трае две години. Во периодот за кој се однесува самоевалуацијата членови на Наставно-научниот совет се: 32 редовни професори, 13 вонредни професори, 28 доценти, 6 претставници од соработниците и 5 претставници од Студентскиот парламент на ФЕИТ. Седниците на Наставно-научниот совет ги свикува и со нив раководи деканот на Факултетот. Во работата на Наставно-научниот совет учествува и секретарот на Факултетот без право на одлучување. Во отсуство на деканот, по негово овластување, со седницата на Наставно-научниот совет раководи еден од продеканите. Надлежностите на Наставно-научниот совет се пропишани во член 45 од Правилникот.

Раководен орган на Факултетот е Деканот кој е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на Факултетот. Тој го застапува и го претставува Факултетот во земјата и во странство, во согласност со Статутот на Универзитетот. Деканот е должен најмалку еднаш во годината, до Наставно-научниот совет и до ректорот на Универзитетот да поднесува извештај за својата работа. Во деканатот покрај него се уште три продекани (за настава, за финансии и соработка со стопанство и наука и меѓународна соработка) и Секретарот на факултетот. За вршење на дел од своите права и обврски деканот може да овластува одделни продекани. Мандатот на деканот, како и на продеканите трае 4 години, со право на уште еден мандат. Надлежностите на Деканот се пропишани во член 50 од Правилникот.

Деканатската управа ја сочинуваат 11 члена: деканот, продеканите, претседателот на Студентскиот парламент на Факултетот и раководителите на 6 (шест) институти. Мандатот на членовите на Деканатската управа од редот на раководителите на институтите се определува циклично на четири месеци, по азбучен ред според името на институтот. Раководителите на институтите кои во одреден период не се членови на Управата можат да присуствуваат на седниците и да учествуваат во работата на Управата без право на одлучување. Во работата на Деканатската управа учествува и секретарот на Факултетот без право на одлучување. Деканатската управа ја свикува и со седниците претседава деканот. Надлежностите на Деканатската управа се пропишани со член 60 од Правилникот.

Во рамките на факултетот постојат и поголем број комисии формирани од Наставно-научниот совет како тела кои работат на специфични задачи. Некои од нив се: комисија за осовременување на наставата (КОМОС), комисија за настава, комисија за евалуација, комисија за дисциплински мерки и слично.

Логистичката поддршка ја обезбедуваат: Службата за студентски прашања, Одделението за финансиско и сметководствено работење, Одделението за правни и општи работи и Одделение за техничка подршка. Административниот кадар на ФЕИТ е ангажиран за извршување на административно-техничките работи поврзани со наставно-научниот процес, истражувачката и апликативната дејност.

Во табелите 2.1, 2.2 и 2.3 се дадени статистички показатели за образовната и старосна структура на вработените на ФЕИТ за зимскиот семстар 2012/13 година.

Табела 2.1 Образовна структура на вработените на ФЕИТ

| | Доктори на науки | Магистри на науки | Висока сс | Виша сс | Средна сс | Ниска сс | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставници | 53 | - | - | - | - | - | 53 |
| Соработници | 2 | 13 | - | - | - | - | 15 |
| Стручни соработници | - | 3 | - | - | - | - | 3 |
| ФЛАОП | - | 1 | 1 | - | 1 | - | 3 |
| Стручни служби | - | 1 | 2 | 1 | 10 | 1 | 15 |
| Наставен кадар (со договор) | 1 | 13 | 6 | - | - | - | 20 |
| ФЛАОП (со договор) | - | - | 2 | - | - | - | 2 |
| Стручни служби (со договор) | - | 1 | 4 | - | 10 | - | 15 |
| Вкупно | 56 | 32 | 15 | 1 | 21 | 1 | 126 |

Табела 2.2 Старосна структура на вработените на ФЕИТ

| | 26-30 | 31-35 | 36-40 | 41-45 | 46-50 | 51-55 | 56-60 | > 61 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АСИ | 1 | - | - | - | - | - | 2 | 1 |
| Е | - | 2 | - | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 |
| ЕМЕМ | - | 1 | 1 | - | - | 1 | - | 1 |
| ЕМТА | - | | | 1 | 3 | - | - | - |
| ЕТЕЗЕС | - | - | - | 2 | - | 1 | 1 | 2 |
| ЕЦРП | 1 | 1 | - | 2 | 1 | - | 1 | 1 |
| КТИ | 1 | 2 | - | - | - | 1 | - | - |
| МФ | - | 1 | 5 | 1 | 3 | - | 1 | - |
| ПЕЕС | - | 1 | 1 | - | 1 | 1 | - | 2 |
| ТК | 1 | 3 | 2 | - | 1 | 1 | - | 1 |
| ФЛАОП | - | 1 | - | - | - | 1 | 1 | - |
| Стручни служби | - | 1 | - | 3 | 7 | - | 4 | - |
| Стручно усовршување | 2 | 2 | 1 | - | - | - | - | - |

Табела 2.3 Старосна структура на ангажираниот кадар по договор на ФЕИТ

| | < 25 | 26-30 | 31-35 | 36-40 | 41-45 | 46-50 | 51-55 | 56-60 | > 61 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АСИ | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | 1 |
| Е | 1 | 2 | - | - | - | - | - | - | - |
| ЕМЕМ | - | - | 1 | - | - | - | - | - | - |
| ЕМТА | - | - | 1 | - | - | - | - | - | - |
| ЕТЕЗЕС | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - |
| КТИ | 2 | 2 | - | - | - | - | - | - | - |
| МФ | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | - |
| ПЕЕС | 1 | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - |
| ТК | - | 2 | - | - | - | - | - | - | - |
| ФЛАОП | 1 | - | - | 1 | - | - | - | - | - |
| Стручни служби | 1 | 2 | 1 | 1 | 3 | 3 | 2 | 1 | 1 |

## 3. РЕЗИМЕ НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### 3.1 Прв циклус на студии (додипломски)

Во учебната 2012/2013 година на Факултетот се изведува настава на 8 четиргодишни студиски програми и една тригодишна акредитирани во 2004 година: електроенергетски системи (ЕЕС), електроенергетика и управување (ЕЕиУ), електроенергетски уреди (ЕЕУ), конверзија и искористување на електричната енергија (КИЕЕ), телекомуникации (ТК), електроника, радиотехника и процесирање на сигнали (ЕРПС), информатика и компјутерско инженерство (ИКИ), компјутерско системско инженерство и автоматика (КСИА) и професионални тригодишни студии по информатика (ИНФО).

Во текот на учебната 2011/2012 година направено е иновирање на студиските програми од прв циклус на студии, акредитирани во 2012 година. Со тоа во учебната 2012/13 година старутуваа новите 7 четиригодишни студиски програми: електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија (ЕАОИЕ), електроенергетски системи (ЕЕС), електроенергетика, управување и менаџмент (ЕЕУМ), компјутерско-системско инженерство, автоматика и роботика (КСИАР), компјутерски технологии и инженерство (КТИ), компјутерско хардверско инженерство и електроника (КХИЕ) и телекомуникации и информациско инженерство (ТКИИ).

Елаборатите за новите студиски програми, чија содржина бнеше дефинирана од страна на Одборот за акредитација при Министерството за образование и наука, се изработени според нивните препораки и во нив се вклучени сите одредби од последната верзија на Законот за високо образование. Во сите студиски програми, како и порано, постојат задолжителни и изборни предмети при што сите тие се едносеместрални и бројот на кредити е ограничен на 6. Бројот на задолжителни предмети изнесува најмногу 60% од бројот на предметите, додека остатокот од студиските програми го сочинуваат 30% изборни наставни предмети коишто студентите самостојно ги избираат од редот на сите наставни предмети застапени на Факултетот и 10% изборни наставни предмети коишто студентите самостојно ги избираат од заедничката универзитетска листа на изборни предмети.

Со цел усогласување на студирањето на студентите запишани на старите студиски програми кон новите студиски програми, донесена е одлука за еквиваленција на предметите најпрво за предметите од 1 година, а потоа и за предметите од останатите години.

### 3.2 Втор циклус на студии

Покрај студиите од прв степен, Факултетот организира студиските програми од втор циклус на студии во траење од 2 семестри (акредитирани во учебната 2008/2009 година). Студиите поктиваат 60 ЕКТС со полагање на 8 предмети, 3 задолжителни и 5 изборни со вкупно 40 ЕКТС, и изработка на магистерска работа со 30 ЕКТС. Од 2008 год., кога прв пат започна II циклус студии според ЕКТС програмата, вкупно се запишале 1025 студенти. Од нив, во 2011 година 130 студенти преминале на ФИНКИ. Заклучно до 2012 година магистрирале 124 кандидати.

### 3.3 Трет циклус на студии

Воспоставениот модел на докторски студии на УКИМ, по примерот на развиените европски универзитети, е прв од ваков вид, не само во државата, туку и на Балканот. Истовремено, концептот за организирање на докторските студии во Школа за докторски студии е една од основните карактеристики на интегративното дејствување на Универзитетот. Докторските студии траат три години, што изнесува 180 ЕКТС-кредити. Студиските програми се состојат од обука за истражување – предмети за стекнување генерички знаења и вештини за истражување (30 ЕКТС), едукација – со предмети од полето, областа и од потесната област на истражување (30 ЕКТС), и пријава, изработка и одбрана на докторската дисертација (120 ЕКТС).

Првите студенти на новата студиска програма на трет циклус „Електротехника и информациски технологии“ во рамките на Школата за докторски студии на УКИМ се запишаа во 2011/12 година. На 23.11.2012 во просториите на Ректоратот на УКИМ беше успешно одржан Првиот докторски

семинар за студентите на студиската програма Електротехника и информациски технологии (ЕИТ) при Школата за докторски студии на УКИМ, запишани во учебната 2011 година.

### 3.4 Наставно-научен и соработнички кадар

Факултетот за Електротехника и информациски технологии може да се пофали со квалитетен наставно-научен кадар, кој е носител на примарната дејност. Заклучно со зимскиот семестар 2012/2013 година наставно-научниот кадар брои 71 постојано вработени и 20 соработници. Според наставно-научното звање овој број го сочинуваат 31 редовни професори, 13 вонредени професори, 10 доценти, а од соработничкиот кадар го сочинуаат: 10 асистенти, 7 помлади асистенти, 3 виши технички соработници, и 19 соработници по договор - демонстратори избрани од наставно-научниот совет (ННС) на факултетот. Четворица асистенти се на престој во странство заради докторски студии. Осум наставника заминаа во пензија.

Кадровската структура укажува на постоење на нерамномерна распределба на наставнички и соработнички кадар. Односот соработник/наставник изнесува 0,63 што укажува дека постои потреба од ангажирање на нов соработнички кадар. Со цел да се ублажат кадровските ограничувања, околу 20 соработници се ангажирани преку договор за дело, на сметка на Факултетот. Во табела 3.1 даден е приказ на наставниот кадар по Институти.

Табела 3.1 Учество на наставно-научниот и соработнички кадар по Институти (зимски семестар 2012/2013)

| Институт | Редовни професори | Вонредни професори | Доценти | Асистенти | Помлади асистенти | Стручни соработници | Соработници | Демонстратори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Автоматика и системско инжинерство (АСИ) | 4 | - | - | 1 | 1 | - | - | 2 |
| Електроника (Е) | 4 | 2 | 1 | 1 | 3 | 2 | 1 | 2 |
| Електрични мерења и електротехнички материјали (ЕМЕМ) | 2 | 1 | - | 1 | - | - | 1 | - |
| Електрични машини, трансформатори и апарати (ЕМТА) | 3 | 1 | - | - | - | - | 1 | - |
| Електротермија, електрично заварување и електричен сообраќај (ЕТЕЗЕС) | 3 | 2 | - | - | - | 1 | 1 | - |
| Електрични централи и разводни постројки (ЕЦРП) | 3 | 1 | 1 | - | 2 | - | - | - |
| Компјутерска техника и информатика (КТИ) | 1 | - | 2 | - | 1 | - | 1 | 3 |
| Математика и Физика (МФ) | 4 | 2 | 3 | 3 | - | - | 1 | 1 |
| Преносни електроенергетски системи (ПЕЕС) | 3 | 2 | - | 1 | - | - | 3 | - |
| Институт за телекомуникации (ТК) | 4 | 2 | 3 | - | 1 | - | 2 | - |
| Вкупно | 31 | 13 | 10 | 7 | 8 | 3 | 11 | 8 |

### 3.5 Ангажираност на наставниот и соработнички кадар во наставниот процес

Ангажираноста на наставниот и соработнички кадар во наставниот процес на студиите од прв циклус (додипломски) е релативно нерамномерен што е резултат на различниот број на запишани студенти на различни студиски програми која ја покриваат различни Институти.

Во Табела 3.2 и Табела 3.3 прикажани се збирните показатели за ангажираноста на наставниот и соработнички кадар во наставниот процес на прв степен студии на сите студиски програми во извештајниот период.

Табела 3.2 Анализа на ангажираноста на наставниот кадар

| | Зимски семестар 2011/2012 | Летен семестар 2011/2012 | Зимски семестар 2012/2013 |
|---|---|---|---|
| Вкупен број на наставници | 57 | 59 | 52 |
| Вкупен број на предмети | 121 | 117 | 120 |
| Вкупен неделен фонд на часови | 397 | 390 | 401 |
| Вкупен број на студенти на наставата (предавања/вежби) кои ги водат наставниците | 5915 | 5624 | 5433 |
| Број на предмети по наставник | 2,12 | 1,98 | 2,31 |
| Неделен фонд на часови по наставник | 6,96 | 6,61 | 7,71 |
| Број на студенти по наставник | 103,77 | 95,32 | 104,48 |

Табела 3.3 Анализа на ангажираност на соработничкиот кадар

| | Зимски семестар 2011/2012 | Летен семестар 2011/2012 | Зимски семестар 2012/2013 |
|---|---|---|---|
| Вкупен број на соработници | 10 | 11 | 9 |
| Вкупен број на соработници по договор | 20 | 20 | 22 |
| Вкупен број на предмети | 93 | 93 | 94 |
| Вкупен неделен фонд на часови | 303 | 297 | 387 |
| Вкупен број на студенти на вежби кои ги водат соработниците | 5062 | 5183 | 6069 |
| Број на предмети по соработник | 3,10 | 3,00 | 2,94 |
| Неделен фонд на часови по соработник | 10,10 | 9,58 | 12,09 |
| Број на студенти по соработник | 168,73 | 167,19 | 189,66 |

Главно може да се забележи дека има недостаток на соработници со оглед на тоа дека односот соработник/наставник се движи меѓу 0,52 и 0,59. Просечниот број на часови по наставник е околу 7, додека за соработниците изнесува околу 10,5. Воедно, може да се забележи дека бројот на студенти по соработник е повеќе од 50% поголем отколку бројот на студенти по наставник. Просечниот бројот на предмети по наставник изнесува околу 2, додека за соработниците изнесува околу 3. Може да се забележи дека процечниот бројот на студенти по наставник е околу 100, но како што следува од анализата по Институти даденово Табелите 3.5, 3.6, 3.7, 3.8, 3.9 и 3.10 може да се забележи дека ангажираноста на наставниот и соработнички кадар по Институти е значително нехармонизиран.

Покрај ангажираноста во наставата на прв циклус на студии, наставниот кадар истовремено е вклучен во реализација и на студиите од втор и трет циклус. При тоа, на предметите каде се запишале најмалку 6 кандитати се одвива редовна наствaа, а за останатите таа се изведува менторски. Ангажираноста на наставниот кадар во овој дел е изразено нерамномерна и е поврзана директно со бројот на запишани студенти на одредена студиска програма.

Во Табела 3.4 е проследена ангажираноста на наставници од ФЕИТ во наставата на други високообразовни институции во земјата и странство.

Табела 6.5 Наставници ангажирани во наставтаа на други високообразовни институции

| | 2011 | 2012 |
|---|---|---|
| домашни | 6 | 10 |
| меѓународни | 7 | 3 |

Табела 3.5 Анализа на ангажираноста на наставниот кадар по Институти (зимски семестар 2011/12)

| | АСИ | Е | ЕМЕМ | ЕМТА | ЕТЕЗЕС | ЕЦРП | КТИ | ПЕЕС | ТК | МФ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број наставници | 4 | 10 | 4 | 5 | 3 | 6 | 2 | 5 | 8 | 10 |
| Вкупен број на предмети | 9 | 23 | 7 | 12 | 6 | 14 | 7 | 0 | 13 | 20 |
| Вкупен неделен фонд на часови | 26 | 71 | 22 | 46 | 21 | 50 | 14 | 28 | 50 | 69 |
| Вкупен број на студенти на наставата | 424 | 947 | 664 | 103 | 308 | 367 | 479 | 139 | 796 | 1715 |
| Број на предмети по наставник | 2,25 | 2,30 | 1,75 | 2,40 | 2,00 | 2,33 | 3,50 | 2,00 | 1,63 | 2,00 |
| Неделен фонд на часови по наставник | 6,50 | 7,10 | 5,50 | 9,20 | 7,00 | 8,33 | 7,00 | 5,60 | 6,25 | 6,90 |
| Број на студенти по наставник | 106,00 | 94,70 | 166,00 | 20,60 | 102,67 | 61,17 | 239,50 | 27,80 | 96,13 | 171,50 |

Табела 3.6 Анализа на ангажираноста на наставниот кадар по Институти (летен семестар 2011/12)

| | АСИ | Е | ЕМЕМ | ЕМТА | ЕТЕЗЕС | ЕЦРП | КТИ | ПЕЕС | ТК | МФ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на наставници | 4 | 10 | 4 | 5 | 4 | 6 | 3 | 6 | 8 | 10 |
| Вкупен број на предмети | 9 | 19 | 7 | 9 | 6 | 12 | 11 | 13 | 18 | 13 |
| Вкупен неделен фонд на часови | 28 | 62 | 18 | 39 | 23 | 41 | 24 | 38 | 68 | 49 |
| Вкупен број на студенти на наставата | 345 | 821 | 142 | 213 | 340 | 410 | 796 | 189 | 1123 | 1245 |
| Број на предмети по наставник | 2,25 | 1,90 | 1,75 | 1,80 | 1,5 | 2,00 | 3,67 | 2,17 | 2,25 | 1,30 |
| Неделен фонд на часови по наставник | 7,00 | 6,20 | 4,50 | 7,80 | 5,65 | 6,83 | 8,00 | 6,33 | 8,50 | 4,90 |
| Број на студенти по наставник | 86,25 | 82,10 | 35,50 | 42,6 | 85,00 | 68,33 | 265,33 | 31,50 | 140,38 | 124,50 |

Табела 3.7 Анализа на ангажираноста на наставниот кадар по Институти (зимски семестар 2012/13)

| | АСИ | Е | ЕМЕМ | ЕМТА | ЕТЕЗЕС | ЕЦРП | КТИ | ПЕЕС | ТК | МФ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на наставници | 4 | 7 | 3 | 4 | 5 | 4 | 3 | 5 | 8 | 9 |
| Вкупен број на предмети | 10 | 21 | 5 | 10 | 9 | 11 | 12 | 10 | 15 | 17 |
| Вкупен неделен фонд на часови | 29 | 68 | 17 | 43 | 35 | 45 | 26 | 27 | 54 | 57 |
| Вкупен број на студенти на наставата | 502 | 850 | 342 | 81 | 357 | 446 | 555 | 172 | 716 | 1412 |
| Број на предмети по наставник | 2,50 | 3,00 | 1,67 | 2,50 | 1,80 | 2,75 | 4,00 | 2,00 | 1,88 | 1,89 |
| Неделен фонд на часови по наставник | 7,25 | 9,71 | 5,67 | 10,75 | 7,00 | 11,25 | 8,67 | 5,40 | 6,75 | 6,33 |
| Број на студенти по наставник | 125,50 | 121,43 | 114,00 | 20,25 | 71,40 | 111,50 | 185,00 | 34,40 | 89,50 | 156,89 |

Табела 3.8 Анализа на ангажираноста на соработничкиот кадар по Институти (зимски семестар 2011/12)

| | АСИ | Е | ЕМЕМ | ЕМТА | ЕТЕЗЕС | ЕЦРП | КТИ | ПЕЕС | ТК | МФ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на соработници | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 |
| Вкупен број на хонорарни соработници | 2 | 4 | 1 | 1 | 1 | 0 | 4 | 2 | 3 | 2 |
| Вкупен број на предмети | 10 | 18 | 6 | 4 | 2 | 5 | 17 | 10 | 8 | 13 |
| Вкупен неделен фонд на часови | 38 | 37 | 25 | 8 | 12 | 14 | 71 | 24 | 30 | 44 |
| Вкупен број на студенти | 451 | 595 | 590 | 43 | 184 | 157 | 1316 | 139 | 408 | 1179 |
| Број на предмети по соработник | 2,50 | 3,60 | 3,00 | 4,00 | 2,00 | 5,00 | 2,83 | 3,33 | 2,00 | 4,33 |
| Неделен фонд на часови по соработник | 9,50 | 7,40 | 12,5 | 8,00 | 12,00 | 14,00 | 11,83 | 8,00 | 7,50 | 14,67 |
| Број на студенти по соработник | 112,75 | 119,00 | 295,00 | 43,00 | 184,00 | 157,00 | 219,33 | 36,33 | 102,00 | 393,00 |

Табела 3.9 Анализа на ангажираноста на соработничкиот кадар по Институти (летен семестар 2011/12)

| | АСИ | Е | ЕМЕМ | ЕМТА | ЕТЕЗЕС | ЕЦРП | КТИ | ПЕЕС | ТК | МФ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на соработници | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 |
| Вкупен број на хонорарни соработници | 2 | 4 | 1 | 1 | 1 | 0 | 4 | 3 | 2 | 2 |
| Вкупен број на предмети | 8 | 15 | 6 | 4 | 2 | 7 | 17 | 13 | 11 | 10 |
| Вкупен неделен фонд на часови | 21 | 37 | 19 | 13 | 12 | 17 | 67 | 27 | 46 | 38 |
| Вкупен број на студенти | 339 | 662 | 138 | 170 | 192 | 239 | 1399 | 189 | 705 | 1150 |
| Број на предмети по соработник | 2,00 | 3,00 | 3,00 | 4,00 | 2,00 | 3,50 | 3,40 | 3,25 | 2,75 | 3,33 |
| Неделен фонд на часови по соработник | 5,25 | 7,40 | 9,50 | 13,00 | 12,00 | 8,50 | 13,40 | 6,75 | 11,50 | 12,67 |
| Број на студенти по соработник | 86,25 | 132,40 | 69,00 | 179,00 | 192,00 | 119,50 | 279,80 | 47,25 | 176,25 | 383,33 |

Табела 3.10 Анализа на ангажираноста на соработничкиот кадар по Институти (зимски семестар 2012/13)

| | АСИ | Е | ЕМЕМ | ЕМТА | ЕТЕЗЕС | ЕЦРП | КТИ | ПЕЕС | ТК | МФ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на соработници | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Вкупен број на хонорарни соработници | 2 | 3 | 1 | 1 | 1 | 0 | 4 | 3 | 2 | 5 |
| Вкупен број на предмети | 12 | 17 | 6 | 4 | 3 | 9 | 21 | 11 | 7 | 25 |
| Вкупен неделен фонд на часови | 42 | 41 | 30 | 8 | 17 | 28 | 95 | 32 | 25 | 69 |
| Вкупен број на студенти | 622 | 641 | 528 | 38 | 168 | 420 | 1038 | 254 | 368 | 1992 |
| Број на предмети по соработник | 3,00 | 4,25 | 3,00 | 4,00 | 3,00 | 4,50 | 4,20 | 2,75 | 2,33 | 4,17 |
| Неделен фонд на часови по соработник | 10,50 | 10,25 | 15,00 | 8,00 | 17,00 | 14,00 | 19,00 | 8,00 | 8,33 | 11,50 |
| Број на студенти по соработник | 155,50 | 160,25 | 264,00 | 38,00 | 168,00 | 210,00 | 207,60 | 63,50 | 122,67 | 332,00 |

## 4. СТУДЕНТИ

Од учебната 2011/12 година, од почнување на студиите на ФИНКИ, бројот на пријавените студенти е значително намален. Притоа подолго време беше присутен континуиран тренд на нерамномерен интерес за студирање на различните студиски програми. Активностите спроведени во насока на мотивирање на средношколците за упис на студиите од областа на електроенергетските студиски програми (ЕЕС, ЕЕиУ, ЕЕУ и КИЕЕ) како и доделените стипендии од ЕВН, ЕЛЕМ и МЕПСО за студентите од прва година позитивно влијаат кон зголемување на интересот, и тоа е една од причините за зголемениот број запишани студенти на новите студиски програми од областа на електроенергетиката. Ваквото искуство на деканатот за зголемување на бројот на студенти на одделни студиски програми во иднина ќе биде применето и на другите студиски програми.

### 4.1 <u>Студенти на прв циклус на студии</u>

Во учебната 2011/12 на ФЕИТ се запишани вкупно 1535 студенти во сите 4 години на сите студиски програми. Од овој број, 1063 се машки (69,25%) и 472 женски (30,75%). Може да се забележи дека овој број на студенти претставува околу 2/3 во однос на бројот на студенти од пред две години поради помалиот број запишани студенти во прва година во последните два уписи и поради одлив на дел од студентите кои студирањето го продолжија на ФИНКИ. Учеството на запишани студенти по години е прикажан во Табела 4.1, додека припадноста на запишани студенти по студиски програми е дадена во Табела 4.2.

Табела 4.1 Број на запишани студенти во учебната 2011/2012 година

| | Запишани студенти | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| I година | 266 | 184 | 82 |
| II година | 312 | 214 | 98 |
| III година | 353 | 230 | 123 |
| IV година | 604 | 435 | 169 |

Табела 4.2 Број на запишани студенти по студиски програми во учебната 2011/12 година

| | Запишани студенти | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | I година | II година | III година | IV година | Вкупно |
| ЕЕС | 38 | 33 | 11 | 12 | 94 |
| ЕЕиУ | 30 | 17 | 27 | 28 | 102 |
| ЕЕУ | 9 | 5 | 4 | 9 | 27 |
| КИЕЕ | 3 | 5 | 3 | 4 | 15 |
| ТК | 57 | 90 | 70 | 126 | 343 |
| ЕРПС | 28 | 13 | 17 | 41 | 99 |
| ИКИ | 31 | 60 | 122 | 302 | 515 |
| КСИА | 61 | 83 | 51 | 81 | 277 |
| ИНФО | 9 | 6 | 48 | - | 63 |

Во учебната 2012/13 година бројот на запишани студенти на ФЕИТ изнесува 1495, од кои 1030 машки (68,9%) и 465 женски (31,10%).

Во Табела 7.3 и 7.4 се прикажани бројот на запишани студенти по години, и распределбата на запишани студенти по студиски програми.

Табела 4.3 Број на запишани студенти во учебната 2012/2013 година

| | Запишани студенти | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| I година | 334 | 235 | 99 |
| II година | 234 | 149 | 85 |
| III година | 286 | 193 | 93 |
| IV година | 590 | 408 | 182 |

Табела 4.4 Број на запишани студенти по студиски програми во учебната 2012/13 година

| | Запишани студенти | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | I година | II година | III година | IV година | Вкупно |
| ЕАОИЕ | 56+1* | | | | 57 |
| ЕЕС | 35 | | | | 35 |
| ЕЕУМ | 25+2* | | | | 27 |
| КСИАР | 42+3* | | | | 45 |
| КТИ | 53+3* | | | | 56 |
| КХИЕ | 20+2* | | | | 22 |
| ТКИИ | 59+6* | | | | 65 |
| ЕЕС | 5 | 29 | 19 | 17 | 70 |
| ЕЕиУ | 3 | 28 | 16 | 31 | 78 |
| ЕЕУ | 1 | 1 | 4 | 7 | 13 |
| КИЕЕ | 1 | 5 | 2 | 5 | 13 |
| ТК | 3 | 63 | 69 | 125 | 260 |
| ЕРПС | 5 | 15 | 15 | 46 | 81 |
| ИКИ | 3 | 26 | 71 | 259 | 359 |
| КСИА | 4 | 58 | 59 | 100 | 221 |
| ИНФО | 2 | 9 | 31 | - | 42 |

* повторно запишани студенти според новата студиска програма

Анализата на уписните резултати во учебната 2012/13 година ги покажува следните позитивни моменти за зголемениот квалитет на запишаните студенти:

- Кандидатите го покажале следниот успех по бодиви: со најмалку 80 поени се пријавиле околу 2/3 од бројот на запишани кандидати, 1/2 од запишаните имале успех од најмалку 90 поени, додека 1/5 од запишаните студенти имале успех од најмалку 95 поени.
- Бројот на запишани студенти на „слабострујните“ студиски програми е скоро идентичен како и минатогодишниот, освен на КТИ каде што тој број е поверке од два пати поголем (во 2011/12 година на студиската програма ИКИ квотата за била многу мала).
- Бројот на запишани студенти на „јакострујните“ студиски програми го надмина минатогодишниот и за прв пат по подолго време на тие студиски програми запишани се повеќе од 100 студенти. Особено позитивни се резултатите од запшаниот број на студенти на студиската програма ЕАОИЕ, веднаш после студиската програма ТКИИ.

Анализата на бројот на дипломирани студенти во периодот 2011/2012 година е сумиран табелите приложени подолу. Во 2011 година најголем дел од дипломираните (280) ја следеле наставата во траење од 8 семестри со 240 ЕКТС. Бројот на дипломирани студенти по старата судиска програма во траење од 9 семестри (пред воведување на ЕКТС) изнесува 49, додека во 2012 дипломирале 189 студенти по ЕКТС и 26 студенти од старата студиска програма.

